Вкж1.бр.14/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: Рахилка Стојковска, д-р Џемали Саити, Шпенд Деваја и Африм Фидани - членови на советот, со виш судски соработник м-р Данче Попева Марковиќ - како записничар, одлучувајќи по жалбата на обвинетиот Ц.П. од С., изјавена преку бранителите Панче Тошковски, адвокат од С. и Павлина Зефиќ, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.77/19 од 07.02.2019 година, врз основа на член 166 во врска со член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), на седницата на советот одржана на ден 04.03.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## I

Жалбата на обвинетиот Ц.П. од С., изјавена преку бранителите Панче Тошковски, адвокат од С. и Павлина Зефиќ, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.77/19 од 07.02.2019 година, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.77/19 од 07.02.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

СЕ УКИНУВА мерката куќен притвор против обвинетиот Ц.П. викан Ц., со ЕМБГ ………….. од татко Ч., мајка П., роден на ……… година во село В. Д., по лична карта живее на ул………… Број ……. во О., а престојува на адреса ул………. број ….. влез ... стан ….. С., државјанин на Р.М., на кого му била определена мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.420/18-5 од 10.11.2018 година, во траење од 30 дена сметано до 10.12.2018 година до 03,30 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Основен суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.328/18 од 07.12.2018 година за уште 30 дена сметано до 09.01.2019 година до 03,30 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје, КСЖ.бр. 865/18 од 27.12.2018 година во мерка куќен притвор со траење до 26.01.2019 година, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот уд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.19/19 од 25.01.2019 година, сметано до 08.02.2019 година до 03,30 часот, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторени кривични дела Злосторничко здружување од член 394 став 1 од Кривичниот законик, Измама од член 247 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик и Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 од Кривичниот законик.

## II

Обвинетиот Ц.П. од С., по приемот на решението ВЕДНАШ да се пушти да се брани од слобода.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.77/19 од 07.02.2019 година, предлогот за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ц.П. од С., поднесен од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.8/2018 од 06.02.2019 година е уважен. Мерката куќен притвор против обвинетиот Ц.П. викан Ц., со ЕМБГ ……... од татко Ч., мајка П., роден на ……... година во село В. Д., по лична карта живее на ул……….. број …... во О., а престојува на адреса ул……….. број ……. влез ... стан …. С., државјанин на Р.М., на кого му била определена мерка притвор со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.420/18-5 од 10.11.2018 година, во траење од 30 дена сметано до 10.12.2018 година до 03,30 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Основен суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.328/18 од 07.12.2018 година за уште 30 дена сметано до 09.01.2019 година до 03,30 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр. 865/18 од 27.12.2018 година во мерка куќен притвор со траење до 26.01.2019 година, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.19/19 од 25.01.2019 година, сметано до 08.02.2019 година до 03,30 часот, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот поради постоење на основано сомнение за сторени кривични дела „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, „Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 5 од Кривичниот законик е продолжена за уште 30 дена сметано од 08.02.2019 година од 03,30 часот до 10.03.2019 година до 03,30 часот, поради натамошно постоење на причините за продолжување на мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точки 1и 2 од Законот за кривичната постапка.

Во предлогот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.8/2018 од 06.02.2019 година за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ц.П. од С., образложено е дека сеуште постојат основите за продолжување на мерката притвор, согласно член 165 став 1 точки 1 и 2 од Законот за кривичната постапка. Имено, во предлогот е наведено дека постои основан страв дека доколку обвинетиот биде пуштен да се брани на слобода може да ја попречува постапката со влијание на сведоци и прикривање докази, имајќи предвид дека и во понатамошниот тек на постапката потребно е да се преземат дејствија заради прибавување вербални и материјални докази. Во досегашниот тек на истрагата биле сослушани голем број сведоци, преостануваат за сослушување уште 20 сведоци, а во тек е и утврдување на адреси на сведоци кои имаат сознанија во поглед на кривичните дела кои му се ставаат на товар на обвинетиот. Истотака постои основан страв дека обвинетиот ќе ги сокрие или уништи трагите на кривичните дела за кои постои основано сомнение дека ги има преземено во рамките на групата преку фирмите Т., Т.1 и други правни лица кои биле под контрола на групата. За овие правни лица покрај финансиската документација во тек е и барање и на друга документација за деловни односи на овие правни лица и на други правни лица поврзани со оф шор компании преку кои биле внесувани и изнесувани незаконски стекнати парични средства. Издадени се наредби за вештачење и по истите се постапува, а ќе бидат издадени и други наредби за финансиски

вештачења, поради што постои основан страв дека обвинетиот доколку биде пуштен да се брани од слобода ќе влијае на вештачењата, особено на правните лица Т. и Т.1. Во текот на предистрагата обвинетиот веќе остварил влијание на дел од сведоците, посебно на оние кои се јавуваат како фиктивни управители на правни лица под контрола на групата во која обвинетиот има улога на еден од организаторите заедно со Ј.К., С.М. и Н.Ј.. Со оглед на тоа што се работи за особено сложен случај за кој е потребно подолго време за завршување на истражната постапка и донесување јавно обвинителска одлука, смета дека и понатаму постојат причините за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот од член 165 став 1 точките 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, заради непречено водење на кривичната постапка.

Незадоволен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.77/19 од 07.02.2019 година, со кое бил уважен ваквиот предлог, обвинетиот Ц.П. од С., во законски предвидениот рок, преку бранителите Панче Тошковски, адвокат од С. и Павлина Зефиќ, адвокат од С., до овој суд поднесе навремена жалба, на околност дека Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите не е надлежно да води предистражни и истражни постапки по јули 2017 година, што е утврдено согласно Начелното правно мислење на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија од 30.01.2019 година, донесено врз основа на  член 22 од  Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Оттука, во случај кога не постои законска надлежност за постапување на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, сите преземени дејствија - детално опишани во обжаленото решение се спротивни на законот. Понатаму се наведува дека обжаленото решение не содржи доволно образложени причини по однос на постоењето на причините за  продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот. Имено, на одбраната не и биле презентирани докази дека обвинетиот преземал дејствија за уништување на докази и влијание на сведоци, а досега се сослушани сите сведоци и прибавени се доказите неопходни за водење истрага поради што не постои можност обвинетиот да ги уништи трагите и доказите или да влијае на сведоците. Исто така се наведува дека обвинетиот е со сериозно нарушена здравствена состојба, за што во текот на постапката била доставена медицинска документација.  Со жалбата се предлага истата да се уважи, мерката куќен притвор против обвинетиот да се укине, бидејќи решението е донесено врз основа на предлог од ненадлежен тужител.

Овој Суд постапувајќи согласно член 421 став 2 во врска со член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка, жалбата на обвинетиот и другите списи по предметот ги достави до Јавниот обвинител на Република Македонија, кој пак со писмо под КОЖ.бр.20/19 од 20.02.2019 година, истите ги доставил до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, до овој суд достави писмен предлог НСК-КОЖ.бр.12/19 од 21.02.2019 година, кој предлог овој суд не го имаше предвид при одлучувањето, бидејќи Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, нема својство на овластен тужител во оваа постапка.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по увидот во списите приложени кон предметот, наводите во жалбата, најде:

Жалбата е основана.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги ценеше наводите истакнати во жалбата и најде дека во конкретниот случај исполнети се законските услови за укинување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ц.П. од С..

Согласно член 166 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) притвор во претходна постапка определува судот по писмен и образложен предлог на овластен тужител и само врз основите што ги навел овластениот тужител во предлогот.

Според член 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје („Службен весник на РМ“ бр.159/2015 од 15.09.2015 година), Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство, може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Цитираната законска одредба е јасна и недвосмислена и предвидува специфичен рок за покренување обвинение, чиј почеток се врзува со моментот на преземање на предметите и материјалите во надлежност на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Наведеното јасно произлегува од недвосмисленото граматичко толкување, како и од аспект на телеолошкото толкување на смислата и целите на самиот закон, како lex specialis, со кое Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите е формирано како времена ad hoc институција со строго ограничени временски рокови, а зад кои стои идејата со законско определен рок да се воспостави правна сигурност кај сите засегнати.

Во оваа смисла, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека одредбата по однос на временскиот лимит за преземање на истражни дејствија и покренување обвинение од член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, треба да се толкува во корист на обвинетиот што недвосмислено произлегува од неспорното Правно начело in dubio pro reo, цврсто востановено во казненото право и Меѓународното право за човековите права, што не навлегува во повреда на принципот владеење на правото.

Одредбата е јасна и по однос на спроведување на истражните дејствија. Имено, доколку не покрене обвинение во опредлениот рок, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, треба да нареди запирање на истражната постапка, не само од причини што би било нецелисходно за водење на истрага за предмет во кој органот што ја води истрагата го пропуштил рокот за покренување обвинение, следствено на што не

може да покрене обвинение, туку и за тоа што се работи за императивен законски рок, кој не може да се продолжува по било кој основ. Во дадениот рок од 18 месеци согласно член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела има само две алтернативи може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка.

Ваквиот став и толкување на одредбата наоѓаат оправдување пред се во потребата за правна сигурност како еден од темелите на правниот поредок но и почитување на принципот на владеење на правото, кој подразбира почитување на законите и тоа примарно од органите кои се задолжени за нивно спроведување.

Овој суд оценува дека Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка до 30.06.2017 година, што значи не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Овој суд при постапувањето го имаше предвид утврденото Начелно правно мислење на Врховниот суд на Република Македонија донесено на 30.01.2019 година, кое гласи: „Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност, како кумулативен услов, кој не може да биде пречекорен сметано од денот на прием на материјалите од неовластно следење на комуникации од член 2 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и по истекот на тој рок од 18 месеци не е овластен тужител за преземање на јавнообвинителски работи на предистражни и истражни постапки предвидени со Законот за кривичната постапка“.

Во конкретниот случај, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите поднело предлог за определување мерка притвор против обвинетиот Ц.П. од С., во ноември 2018 година, што е по истекот на 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Оттука, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, не било овластен тужител и во смисла на член 166 од Законот за кривичната постапка не можело да поднесе предлог за определување на мерка притвор против обвинетиот, а потоа и предлог за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот, бидејќи нема таква стварна надлежност по истекот на 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Врз основа на погоре наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение, врз основа на член 166 во врска со член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12,142/16,193/16 и 198/18).

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 04.03.2019 година под Вкж1.бр.14/2019.

Виш судски соработник - записничар
м-р Данче Попева Марковиќ с.р.

Претседател на судот -советот
Јово Вангеловски с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,